Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации 2010 („Сл.весник на РМ" бр.52/2010) и одлуката за основање на Здружение за права и хуманост ИНТЕГРА НАУ Скопје Основачкото собрание на здружението, на седницата одржана на ден 11.06.2016 година го донесе следниов:

# С Т А Т У Т
## на
## Здружението за права и хуманост ИНТЕГРА НАУ Скопје

### Општи одредби

**Член 1**

Здружението за права и хуманост ИНТЕГРА НАУ Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради заштита, остварување и реализирање на своите интереси и уверувања за унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, како и заради вршење на дејности и активности за поттикнување на моралните вредности и зајакнување на меѓуетничките односи и економски развој на територијата на Македонија, Европа и пошироко, а во согласност со Уставот и законските регулативи.

**Член 2**

Здружението за права и хуманост ИНТЕГРА НАУ Скопје, основано на подрачјето на општина Аеродром дејствува на територијата на РМ, Европа и пошироко. Здружението во своето дејствување може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции, и да членува во асоцијации во земјата и странство.

**Член 3**

Здружението своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со прописите утврдени со Уставот на Република Македонија, со овој Статут и Законите на Р.Македонија.

**Член 4**

Називот на здружението на граѓани е: Здружение за права и хуманост ИНТЕГРА НАУ Скопје
Името на англиски јазик е: Association for Rights and Humanity INTEGRA NAU Skopje
Скратениот назив на Здружението е: (ЗПХ) ИНТЕГРА НАУ Скопје/ (ARH) INTEGRA NAU Skopje.

**Член 5**

Седиштето на здружението е во Скопје на ул. Венјамин Мачуковски бр.22/3-21, Скопје, а делува локално, национално и интернационално.

**Член 6**

Здружението има својство на правно лице со права, обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи.

Здружението го претставува Претседателот или Заменик Претседателот. Здружението има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението на Македонски јазик со кирилично писмо, и на англиски јазик со латинично писмо, а на средината стои логото на Здружението.

Штембилот на Здружението е правоаголен со кирилично писмо со следниот текст:
Здружение за права и хуманост ИНТЕГРА НАУ Скопје
Бр. __________
______________ година
Скопје

**Член 7**

Здружението за права и хуманост ИНТЕГРА НАУ Скопје е основано на неопределено време.

## Цели и задачи на Здружението

**Член 8**

Граѓаните се здружени во Здружението заради остварување на поширок заеднички интерес. Мисијата на здружението е поттикнување на хуман однос кон поединецот, заедниците и целото општествено опкружување; поддршка и промоција на интеграцијата на сите етнички заедници преку унапредување и афирмирање на заедничките вредности но, и со промовирање на спецификите на секоја заедница посебно (идентитет, јазик, култура, традиција и др).

Основни цели и задачи на Здружението се:

1. Потикнување на хуманоста и хуманото делување;
2. Промоција и поддршка на зајакнување на културниот и јазичниот идентитет на заедниците;
3. Остварување на основните човекови права на секој поединец;
4. Подигнување на свеста кај припадниците на заедниците за нивната општествена одговорност и лојалност кон државата но, и свест за припадноста на етничката заедница, почитувајќи ги спецификите и обележјата на секоја заедница;
5. Практична примена на посебните права на заедниците и особено на маргинализираните заедници по било кој основ (на пр. Власи, Роми и др.).
6. Промоција и поддршка на формалното и неформалното образование;
7. Промоција на мултикултурното образование;
8. Промовирање на волонтеризмот помеѓу младата популација;
9. Јакнење на капацитети на младите припадници на етничките заедници;
10. Промоција на европски вредностите и интегрирација кон европската заедница;
11. Соработка со релевантни институции и организации на национално и интернационално ниво, а во насока на реализирање на правата.

**Член 9**

Здружението може да формира јавни и приватни партнерства.

**Член 10**

Своите цели и задачи здружението ги остварува преку утврдена Програма за работа, односно преку следниве активности:

- Промовирање и поддршка на остварување на човековите права и правата на заедниците;
- Поддршка во формалното и неформалното образование;
- Промоција на креативен граѓански активизам;
- Лобирање и застапување за поддршка на здружението кај локаните и националните институции;
- Поттикнување на иницијативи кај надлежните органи и институции во насока на остварување на целите на Здружението;
- Медијација за не насилно разрешување на конфликти;
- Организирање на конкретни програмски активности;
- Врши и други работи предвидени со овој Статут.

## Членување

**Член 11**

Член на Здружението може да биде секој граѓанин, државјанин на Република Македонија и/или странец, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање на писмена изјава.
Членството се дели на два вида:

- Полноправни членови со право на глас и со обврска да плаќаат годишна чланарина која ќе се одреди со дополнителен акт на Здружението.
- Придружни членови кои уествуваат на седници на Собранието и активностите но, без право на глас.

Од придружни членови може да се премине во полноправни членови со одлука на Собранието и платена чланарина.

Здружението за своите членови води регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно. Податоците од регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

**Член 12**

Полноправните членови имаат право да бираат членови и да бидат бирани за членови во органите на Здружението, а сите членови на Здружението имаат право да учествува во работата на Здружението, да придонесуваат во развојот, промовирањето и популарноста на Здружението, и да ги изнесуваат своите ставови.

**Член 13**

Членовите на Здружението се должни:

- да го почитуваат Статутот;
- да присуствуваат на состаноците, да доставуваат податоци и извештаи за работата на Здружението во остварувњето на целите на Здружението;
- да земаат активно учество во спроведувањето на Програмата на Здружението;
- да ги извршуваат активностите предвидени со Програмата за работа;
- полноправните членови редовно да ја уплаќаат годишната чланарина најдоцна до крајот на првото тромесечје од тековната година.

**Член 14**

Членството во Здружението може да престане:

- доброволно, по барање на членот на Здружението;
- ако не го почитува Статутот и обврските кои произлегуваат од него;
- ако дејствува против целите на Здружението;

- ако не ја плаќа редовно членарината (се однесува на полноправните членови).

Одлука за престанок на членството во Здружението донесува Собранието по предлог на Извршниот Одбор на Здружението.

## Јавнос во работата

**Член 15**

Работата на Здружението за права и хуманост ИНТЕГРА НАУ Скопје е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување (на членовите, други здруженија или пошироката јавност) за работењето и активностите на Здружението, со поднесување извештај за работата на органите и телата на Здружението, за материјално – финансиското работење и друго.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата, Интернетот, како и списанието на самото здружение.

## Финансирање на здружението

**Член 16**

Здружението остварува средства од:

- членарина;
- донации, доброволни прилози;
- буџетот на РМ и локалните самоуправи;
- давање на услуги на други здруженија, организации и институции;
- од заедници и други установи;
- од трговски друштва и други правни лица;
- од други услуги (имотни права и сл.);
- од други извори предвидени со Законот и Статутот.

**Член 17**

Користење и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми, утврдени со финансискиот план и врз основа на валидни документи.

**Член 18**

За користење и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежноситете утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

**Член 19**

Здружението донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 16 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, материјали, трошоци за работа на Здружението и други расходи поврзани со работата на Здружението. Финансискиот план може во секое време да се измени.

## Органи на Здружението

**Член 20**

Органи на Здружението за права и хуманост ИНТЕГРА НАУ Скопје се:

1. Собрание
2. Претседател
3. Заменик претседател
4. Извршен одбор
5. Надзорен одбор

### Собрание на здружението

**Член 21**

Собранието е највисок орган на Здружението. Собранието на Здружението го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението

- Собранието го бира Претседателот на Здружението по предлог на Извшниот одбор и Заменик Претседателот по предлог на Претседателот;
- Собранието го донесува и усвојува Статутот на Здружението и врши измени и дополнување на истиот со мнозинство на гласови на предлог на Извршниот одбор;
- Донесува Стратегија, Годишна програма за работа на здружението и Акциски план;
- Усвојува наративен и финансиски извештај и ги објавува истите на веб страницата на Здружението;
- Ги избира членовите на органите на Здружението;
- Одлучува за промена на целите на здружувањето;
- Одлучува за основање и укинување на огранoци и други облици на организирање на здружението;
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението;
- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- Разгледува и одлучува врз основ на наодите на Надзорниот одбор;
- Одлучува за престанок на здружението со мнозинство;
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите,

**Член 22**

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.
Поканата со материјалите за дневен ред во писмена или електронска форма се доставуваат најмалку 7 дена пред одржување на седницата.

**Член 23**

На Собрание се избира:

- Работно претседателство од три члена;
- Записничар;
- Двајца оверувачи на записникот;
- Органи на управување на Здружението.

**Член 24**

Седници на Собрание свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива.

Седници на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор на Здружението или на 1/5 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или 51 насто од членството.

Седницата на Собранието за работа на Извршниот одбор може да се свика и по предлог на надзорниот одбор.

**Член 25**

Собранието може полноправно да одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број полноправни членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните полноправни членови.

На собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог од 1/3 од членовите, а гласањето може да биде и тајно.

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат во предвид целите и интересите на Здружението пред поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Извршен обор**

**Член 26**

Извршниот Одбор на Здружението е Извршен орган на Собранието. Сите членови се со еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развој на здружението во согласност со Статутот.

**Член 27**

Извршниот Одбор на Здружението брои пет члена.

Членовите со право на глас од Собранието го избираат Претседателот и Заменик Претседателот и двајцата со мандат од 2 години со можност да бидат повторно избрани.

Претседателот на Извршниот Одбор е истовремено и претседател на Собранието и претседател на Здружението и тој го претставуваат и застапуват Здружението и е наредбодавател во областа на материјално и финансиско работење на Здружението.

Во негово отсуство го заменува Заменик претседателот.

**Член 28**

Претседателот на Извршниот одбор ги свикува седниците на Извршниот одбор, предлага дневен ред и ги раководи седниците.

Претседателот е должен да свика седница на Извршниот одбор најмалку еднаш месечно, а по потреба повеќе пати по барање на 51% од членовите на Извршниот одбор.

**Член 29**

Извршниот Одбор ги врши следниве работи:

- Ги подготвува седниците на Собранието, припрема материјали за седниците на Собранието;
- Го подготвува нацрт Статутот, предлага измени и дополнување на Статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на Собранието;

- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението;
- Формира Стручна служба и врши контрола на нејзината работа;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;
- Подготвува годишен и периодичен извештај за својата работа;
- Донесува и реализира годишна програма за работа;
- Донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- Констатира прием на нови членови и престанок на членување;
- Именува и разрешува главен координатор на проектот;
- Донесува одлуки за формирање на постојани и повремени работни тела и комисии и ја насочува нивната работа;
- Организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- Донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- Дава согласност за набавка и отуѓување на основните средства;
- Дава согласност за Правилникот за организација и работните задачи на стручната служба на Здружението, и врши контрола на нејзиното работење;
- Донесува одлуки по приговори и жалби;
- Предлага и спроведува финансиски план и изготвува завршна сметка на Здружението;
- Решава за формирање на ограноци на Здружението;
- Именува членови на стручната служба на Здружението;
- Донесува акти со кои се уредува работата на Стручната служба;
- Врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

**Член 30**

Извршниот Одбор за својата работа одговара пред Собранието на Здружението.

Извршниот Одбор се состанува и одржува седници по потреба.

Седницата на извршниот Одбор ја свикува Претседателот.

Предлог за свикување на Извршниот Одбор може да поднесе 51% од членовите на Извршниот одбор или една третина од членовите на Собранието.

Со седницата раководи и претседава Претседателот, а во негово отсуство ќе раководи Заменик претседателот.

Начинот на свикување на седницата и работењето на Извршниот Одбор се уредува со деловникот за работа.

Членовите на Извршниот одбор во секое време треба да ги имаат целите и интересите на здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 31**

Заради извршување на статутарните и програмските задачи и Одлуки на Собранието и Извршниот одбор, Извршниот одбор формира други работни тела.

## Надзорен одбор

**Член 32**

Надзорниот одбор на Здружението broи 3 членови кои се избираат од редот на надворешни лица, кои не се членови на Собранието.

Членовите на Надзорниот одбор во исто време не можат да бидат и членови на други органи на здружението.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 4 години.

**Член 33**

Надзорниот одбор работи на седници.

Седниците ги свикува претседателот и раководи со нивната работа.

Претседателот на Надзорниот одбор свикува седници најмалку еднаш годишно и по потреба.

**Член 34**

Надзорниот одбор ги врши следниве работи:

- Врши надзор на правилното спроведување и примена на одредбите од статутот и другите општи акти на Здружението;
- Врши надзор на извршувањето на одлуките на Собранието, Извршниот одбор и на другите тела на здружението;
- Врши надзор за наменско трошење на средствата;
- Еднаш годишно поднесува извештај за направениот увид;
- Предлага мерки за спречување и отстранување на неправилностите во работата;
- Врши и други работи согласно законот и актите на здружението;

Своите наоди и одлуки надзорниот одбор ги доставува до Собранието и Извршниот Одбор на Здружението.

## Стручна служба

**Член 35**

За извршување на административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението може да се формира стручна служба.

Организацијата и работата на Стручната служба се уредува со акти кои што ги донесува Извршниот одбор.

## Престанок на Здружението

**Член 36**

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат повеќе од половина од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за Здруженија и фондации;
- Ако настапат причини утврдени со член 63 од Законот за здруженија и фондации.

Основачите на здружението имаат право да го укинат здружението.

**Член 37**

Во случај на престанок на работатата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на оснивачите на здружението согласно на уделот во оснивачкиот влог на секој поединец.

## Преодни и завршни одредби

**Член 38**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на Здружението, а помеѓу две Собранија, Извршниот одбор на Здружението.

**Член 39**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 40**

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување, на ден 11.06.2016 година.

**Место и дата**
**Скопје**
**11.06.2016 година**

**Претседател**
**на Здружението за права и хуманост**
**ИНТЕГРА НАУ Скопје**
**Марија Николова**